Д-Р СВЕТЛАНА КОСТИЌ

# ФРИЗЕРИ АЛАРМИРАЈТЕ!

Во дерматологијата интересно е тоа што многу болести не даваат субјективни проблеми. Тоа значи дека освен промените што ги гледаме со голо око, пациентот не чувствува ниту болка, ниту чешање. Доколку промените се лоцирани на видливи делови од телото, пациентот или некој од неговите блиски ги приметува и бара помош од лекар. Но, што станува ако болеста се појави на места што се недостапни за погледите,т.е. скриени под косата. Во тој случај, често ни се јавуваат пациенти кои првпат дознале дека имаат некои промени кога биле на фризер. При правење фризура, фризерот прв здогледал "нешто" и го известува својот клиент. Ваквото интервенирање го . пофалувам и затоа често се обраќам со зборовите:"Фризери, секогаш кога ќе приметите нешто невообичаено со кожата на капилициумот, т.е. покриениот дел со коса, алармирајте!" Истото се однесува и при промени на самото влакно, т.е. промени во квалитетот на косата. Укажете му на својот клиент дека е потребно да побара лекарска помош, дијагноза и терапија.

Кои се најчести промени што можете да ги сретнете во својата пракса при обликување на фризури?

Мрсната, сјајна и слепена коса, што делува неуредно е последица на зголеменото лачење на лојните жлезди на кожата на косматиот дел на главата, т.е. дисеборея. Може да е придружена и со појако првутење на кожата, што може да биде од ситно бели до жолти налепи. Ако на дисебореата се накалемат и бактерии, тогаш ќе приметите и црвенило на кожата, а понекогаш и гнојаничиња. Тоа е дисебореичен дерматит, т.е. воспаление на кожата.

Некогаш, првутот на главата може да биде многу изразен, а ако загребете на местото тоа станува се побело и личи на свеќа. Тој феномен се јавува кај болеста Псоријаза, која многу често започнува на главата, а потоа може да се појави и на другите делови од телото.

Кај постари лица се јавуваат јасно ограничени полиња со сквамички што сами отпаѓаат, но, имаат тенденција на повторно појавување. Тоа се старечки (сенилни) кератози и се лечат со Cryo-терапија.

Ако забележите младежи во косматиот дел коишто се големи или стојат на пателка, тие се подложни на чести повреди при чешлање и треба да го предупредиме лицето да се советува со хирург за евентуално оперативно отстранување. Постапката е едноставна и спречува можност за малигнизирање после траума од чешел или ножици.

Појава на зголемено опаѓање на косата при чешлање од вообичаеното се нарекува дифузна алопеција. Ако опаѓањето е ограничено во кругчиња и постојат празни полиња без коса, исто така, бара испитување за да се дознае причината и да се одреди соодветна терапија бидејќи при занемарување на болеста алопецијата може да напредува и понекогаш комплетно да се изгуби косата, а тогаш терапијата е долготрајна и макотрпна.

Понекогаш, такви зголемени места имаат знаци на воспаление, црвенило и лупење, а влакната се лесно кршливи и како покосени со косилка. Ако повлечете од работ на местото на промената, неколку влакна лесно Ви остануваат в рака. Ваквиот изглед на промените е знак дека треба да се бараат габични заболувања. Тие болести се преносливи од човек на човек, а се добиваат од домашни заболени миленици на кои, исто така, им паѓаат влакна од заболените места. Пациентот треба да се лечи себеси, а животното да го однесе на ветеринар.

Појава што, за жал, сѐ уште е честа кај нас, а се пренесува од човек на човек е вошливоста. Најчеста е помеѓу децата кои посетуваат градинки и училишта, а потоа, при близок контакт со родителите и другите членови од семејството им ја пренесуваат и нив. Се пренесува и со употреба на ист прибор за чешлање, спиење на исти перници, итн. Освен што можете да видите живи вошки, побарајте и јајца т.н. гниди кои најчесто се цврсто врзани за влакната позади ушите и на тилот на главата. Терапијата е успешна само ако се спроведува групно,т.е. да се лечат сите членови од семејството кои се заразени и да се извести учителката дека во одделението има вошки.

Ако на капилициумот (кожата прекриена со коса) видите крастички и загноени меурчиња, знајте дека и таа болест се пренесува со чешел. Кај истиот пациент се расејува на повеќе места, а исто така, и од еден на друг човек. Тоа е фоликулитис - бактеријска инфекција.

Ако забележите опадната коса, а местото личи на лузна - мазна и сјајна, мора веднаш да се упатите на дерматолог бидејќи тие симптоми укажуваат на повеќе можни заболувања, а со помош на биопсија ќе се открие правата дијагноза.

Постојат уште низа болести коишто во склоп на заболувања на целата кожа може да се појават и на капилициумот, но сега ги споменавме најчестите.

Затоа Почитувани Фризери, од сето горе споменатово да заклучиме дека Вие имате многу важна улога во откривањето на некои кожни заболувања и одиграјте ја добро. Кога се работи за болести што се пренесуваат при употреба на ист прибор со којшто работите, сметам дека не е доволно да се има само дуќан и занает за да се работи добро туку треба да се работи и совесно. Снабдете се со поголем број на чешли, четки и друг прибор. На тој начин ќе може да вршите дезинфекција на Вашиот "алат", а сепак да има со што да работите додека тој лежи во дезифекционо средство. Овие средства кај нас ги има во доволен избор, примената е едноставна, начинот на употреба е детално опишан на етикетата а, и не се скапи. Ништо не е поскапо од здравјето.

ИМАТЕ ЛИ ПРОБЛЕМИ СО КОЖАТА?
ОРДИНАЦИЈА ЗА КОЖНО-ВЕНЕРИЧНИ БОЛЕСТИ
Д-Р СВЕТЛАНА

- ДИЈАГНОЗА И ТЕРАПИЈА НА КОЖНО-ВЕНЕРИЧНИ БОЛЕСТИ

МЕДИЦИНАТА ВО СЛУЖБА НА ЕСТЕТИКАТА

- ТРЕТМАНИ НА АКНИ И ДРУГИ ВИДОВИ ПРОБЛЕМАТИЧНА КОЖА (ВО ПУБЕРТЕТ И КАЈ ВОЗРАСНИ
- УСПЕШНО ЛЕКУВАЊЕ НА ЦЕЛУЛИТ И ВИШОК НА КИЛОГРАМИ
- ТРАЈНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ВЛАКНА ОД ЛИЦЕ ИЛИ ТЕЛО СО ДВА МЕТОДА:
  - ЕЛЕКТРОЕПИЛАЦИЈА СО СОНДА
  - ЕЛЕКТРОЕПИЛАЦИЈА СО ИГЛА (ИДВЕТЕ ГАРАНТИРАНО БЕЗ БОЛКА)
- ЕЛЕКТРОКОАГУЛАЦИЈА НА ПРОШИРЕНИ КАПИЛАРИ
- КРИО ТЕРАПИЈА (СМРАЗУВАЊЕ) НА БРАДАВИЦИ, КУРЈЕ ОКО, АКНИ, ЛУЗНИ
- АНА - ПИЛИНГ СО ОВОПНИ КИСЕЛИНИ (ФЛЕКИ, ЛУЗНИ, БРЧКИ, ПОДМЛАДУВАЊЕ)

КОНТАКТ ТЕЛЕФОН 239-082
Адреса: ул. "11 Октомври" бр. 16/29
(во кула до Зеленото пазарче)